ALTA BANKA

Дирекција за човечки ресурси за потребите на **Сектор за управување со ризици, Дирекција за останати ризици и ОСИС,** објавува

# ОГЛАС

за ангажирање **еден (1)** извршител на работното место **Одговорно лице за сигурност на информативниот систем - ОСИС**

Заинтересираните кандидати треба да ги исполнуваат следните услови:

- Факултетско образование,
- Најмалку 5 години работно искуство или соработка со информациони технологии,
- Задолжително познавање на официјалниот јазик на РМ,
- Одлично познавање на англиски јазик,
- Одлично познавање и работа на компјутер (MS Office), Internet, Antivirus, Patch Management, SIEM,

**Лични карактеристики и вештини потребни за работното место**

- Во тек со информатичките технологии, безбедноста на информациските системи и сигурносните стандарди
- Познавање од информатичките системи, закани и ризици,
- Способност да планира и имплементира промени,
- Способност да документира нови концепти и проекти,
- Да ги познава системите и процесите кои се случуваат на ниво на цела банка,
- Способност да размислува стратешки,
- Добро познавање од областа на организацијата на податоците,
- Кооперативност и способност за тимска работа
- Возачка дозвола Б категорија

**Дел од работните задачи и одговорности на работното место:**

› Врши анализа на проценката на ризиците кон ИС во согласност со процесот на информативната сигурност,

› Креирање, имплементација и развој на целокупниот процес на информативна сигурност во што спаѓаат:

› Проценка на ризикот – изградување континуиран процес на идентификација на слабостите и заканите кон ИС,

› Овој процес на идентификација на заканите и контрола на истите е заради утврдување на евентуалната штета која би се направила доколку истите би се случиле,
› Идентификација на ризиците и веројатноста од појава на истите,
› Контрола на ризиците кои може да се појават кои се предвидени со политиките за сигурност на ИС,
› Политика за сигурност на ИС – која треба да се следи од страна на ОСИС-лицето треба да претставува стратегија (план) на менаџментот за управување со идентификуваните ризици по сигурноста на ИС,
› Учество при имлементација на сигурносните контроли – административни, физички и технички контроли со кои се врши заштита на сигурноста на ИС,
› Тестирање на сигурноста на ИС – воспоставување и следење на процес на периодично тестирање на ефикасноста на сигурноста на ИС и адекватноста на имплемнираните контроли содржани во Политиката за сигурност на ИС ,
› Наблудување и надградба на сигурноста на ИС преку воспоставување на континуирано прибирање и анализа на информациите од аспект на нови закани и слабости, актуелни напади со воведување на нови сигурносни контроли,
› Координирање на сите сигурносни активности на системот во банката,
› Дава одобрение за вршење промени кои се изведуваат на ИС на банката,
› Дава одобрение за привилегиран пристап до системот,
› Предлага одобрение за ревизии во поглед на сигурноста на ИС на банката,
› Врши ревизија на инциденти поврзани со нарушувањето на сигурноста на ИС, ги нотира слабостите и грешките на системот на банката, вклучувајќи и соработка со НБРСМ/МВР,
› Соработка/координација со Дирекцијата за безбедност,
› Работи на подигање на свеста на вработените за сигурноста на ИС,
› Помага при извршувањето на ревизии и проверки на сигурноста на ИС, врши оценка и управува со имплементацијата на корективните мерки на системот,
› Ги разгледува ревизорските траги(audit logs) и контролни дневници кои се водат на ниво на банка за одреден период и проверка дали тие редовно се одржуваат,
› Да го почитува и да се раководи по регулативата од НБРСМ вклучувајки го и Циркуларот за сигурност на информативниот систем на банката,
› Извршува и други обврски и има други одговорности на барање на членовите на УО, за своето работење директно одговара пред Управниот Одбор.

Потребата за ангажирање на еден извршител на ова работно место се однесува за работно место со договор на определено време, со полно работно време и плата по договор во зависност од компетенциите, стручноста и квалитетот на кандидатот.

Заинтересираните кандидати да испратат мотивациско писмо и кратка биографија (CV) на македонски јазик на следната адреса: hr@altabanka.com.mk со назнака во Subject
„ **Одговорно лице за сигурност на информативниот систем – ОСИС** “

Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју